Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Шеесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 2 април 2021 година

Скопје, април 2021 година

# З А П И С Н И К
## од Шеесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 април 2021 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 16:30 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваше и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата учествуваше и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*
* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

Усвојување на Записникот од 57-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 март 2021 година

1. Информација за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија во првиот квартал во 2021 година

2. Информација за прераспределба на неискористените средства до пропишаниот лимит до 15% од планираните капитални расходи од донесениот основен буџет со вклучени прераспределби кај буџетските корисници од централната власт во првиот квартал во 2021 година согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

3. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Витес Асановски и други против Република Северна Македонија (Апликација пред ЕСЧП бр. 19137/18), Сулиманов против Република Северна Македонија (Апликација пред ЕСЧП бр. 20189/18) и Демировски против Република Северна Македонија (Апликација пред ЕСЧП бр. 30425/18) пред Европскиот суд за човекови права

4. Кадровски прашања

5. Прашања и предлози

*
* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 57-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 март 2021 година.

*
* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија во првиот квартал во 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за прераспределба на неискористените средства до пропишаниот лимит до 15% од планираните капитални расходи од донесениот основен буџет со вклучени прераспределби кај буџетските корисници од централната власт во првиот квартал во 2021 година согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Витес Асановски и други против Република Северна Македонија (Апликација пред ЕСЧП бр. 19137/18), Сулиманов против Република Северна Македонија (Апликација пред ЕСЧП бр. 20189/18) и Демировски против Република Северна Македонија (Апликација пред ЕСЧП бр. 30425/18) пред Европскиот суд за човекови права, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Се овластува Владиниот агент во постапките пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за спогодбено решавање на предметите Витес Асановски и други против Република Северна Македонија (Апликација пред Европскиот суд за човекови права бр. 19137/18), Сулиманов против Република Северна Македонија (Апликација пред Европскиот суд за човекови права бр. 20189/18) и Демировски против Република Северна Македонија (Апликација пред Европскиот суд за човекови права бр. 30425/18).

2. Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија во постапките пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата на апликантите ќе им исплати вкупен износ од 7.500 EUR во денарска противвредност или вкупен износ од 2.500 евра на тројцата апликанти: Витес Асановски, Џељана Асановска, Стојан Асановски, подносители на Апликација пред Европскиот суд за човекови права бр. 19137/18; 2.500 евра на Бедати Сулиманов, подносител на Апликација пред Европскиот суд за човекови права бр. 20189/18 и износ од 2.500 евра на Фазли Демировски, подносител на Апликација пред Европскиот суд за човекови права бр. 30425/18.

3. Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија, во случај апликантите во предметите пред Европскиот суд за човекови права, Витес Асановски и други против Република Северна Македонија (Апликација пред Европскиот суд за човекови права бр. 19137/18), Сулиманов против Република Северна Македонија (Апликација пред Европскиот суд за човекови права бр. 20189/18) и Демировски против Република Северна Македонија (Апликација пред Европскиот суд за човекови права бр. 30425/18), да не ги прифатат понудите за спогодбено решавање на предметите, да изрази еднострани декларации, да ја признае повредата на Европската конвенција за заштита на човековите права и за целите на конечно решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметите.

**<u>Точка 4</u>**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 5</u>**

**1.** Владата ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да ги преземе сите потребни активности за одржување на хигиенските и санитетските услови во КОВИД центарот за имунизација на населението во А1 Арената во Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенамеската сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, заради тековно и непречено спроведување на вакцинацијата согласно Националниот план за КОВИД вакцинација во Република Северна Македонија, во периодот до 30 септември 2021 година.

**2.** Владата заклучи да ја повлече од собраниска постапка Предлог – одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот КОВИД-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, доставена до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр.40-3224/1 од 9 март 2021 година.

*

*      *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:15 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Мухамед Зеќири

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев